Република Македонија
Министерство за економија

координативно тело за
ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Координативното тело за општествена одговорност на претпријатија и Министерството за економија на Република Македонија**

**ОБЈАВУВААТ ПОВИК ЗА АПЛИКАЦИИ ЗА**

**НАЦИОНАЛНА НАГРАДА ВО 2018 ГОДИНА**

**ЗА НАЈДОБРИ ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ ПРАКТИКИ**

во следните категории (посебно за големи и мали/средни претпријатија):

- **Однос кон вработените**
- **Етичко управување**
- **Односи на пазарот кон снабдувачите, потрошувачите или купувачите**
- **Однос кон животната средина**
- **Вложување во заедницата**

Во конкуренција на сите апликации од петте категории, ќе се додели и **Признание за најинвентивен проект** или практика.

- Право на учество во изборот имаат сите претпријатија регистрирани во Република Македонија;
- Едно претпријатие може да аплицира **само** со еден проект во една категорија, а може да учествува со повеќе проекти доколку се во различни категории;
- Големината на инвестицијата во одредена практика, **не е** одлучувачки фактор, туку идејата, квалитетот на проектот, како и постигнатите резултати;
- Наградените ќе бидат избрани од страна на стручни жири комисии;
- Сите апликации и материјали ќе бидат третирани како доверливи.

**Апликациите за пријавување, со насоки и критериуми за селекција се достапни на** www.economy.gov.mk и www.cbcsr.mk

**Ве молиме да ги доставите вашите пријави по пошта** (во затворен плик), на адреса: Министерство за економија на Република Македонија-Сектор за поттикнување на општествена одговорност, ул. „Јуриј Гагарин“ 15, 1000 Скопје. Пријавите треба да се испратат со назнака или наслов на пораката „Пријава за Национална награда во 2018 за општествено одговорни практики“. **Воедно потребно е покрај печатена верзија, да има и електронска верзија на апликацијата (ЦД или УСБ)**

**Краен рок за поднесување на пријавите е 3- ти септември 2018 година**

Информативно-едукативната средба за заинтересираните компании ќе се одржи на 31ви мај 2018 година, во ЕУ Инфо Центарот, со почеток во 15:00 часот.